# РУШЛИВОСТ НА ПРАВНИ ДЕЛА - РУШЛИВИ ДОГОВОРИ

Судија

М-р Софија Миленкова

Што претставува правно дело? - Тоа е изјава на волја на субјектите во правото насочена кон настанување, промена или престанување на граѓанскоправниот однос. Од ова може да се заклучи дека: 1. Правното дело е волева правна работа (волево дејствие) на субјектите на правото и 2. Ова дејствие има за цел да предизвика определени правни последици, односно е со намера.

ИЗЈАВА НА ВОЛЈА

За да биде волјата правно релевантна потребно е исполнување на два услови и тоа:

1.Субјектот да поседува свест за правните последици;

2. Да има намера да стапи во одреден граѓанско – правен однос;

Законот за облигационите односи (ЗОО), како правно релевантна волја за настанување на правното дело ја третира изјавената волја, тоа е уредено во членот 20 на кој пак се надоврзува членот 91 став 1, што подразбира дека изјавената волја предничи над вистинските желби на субјектот за стапување во граѓанско правен однос.

Доколку постои неусогласеност помеѓу желбата на субјектот за стапување во правен однос и изјавената волја, ЗОО постоењето на неусогласеноста во конкретен договор го смета како причина за негова рушливост, а имено Договорот е рушлив кога го склучила ограничено деловно способно лице, кога при неговото склучување имало мани во поглед на волјата на страните, како и кога е тоа определено со овој закон или со друг закон – *член 103 од Законот за облигационите односи.*

-За разлика од ништовните договори, на чија ништовност судот внимава по службена должнсот и на која може да се повика секое заинтересирано лице, кај рушливите договори судот не внимава по службена должност на нивната рушливост;
-Побивање на тие договори може да бараат само договорните страни;
- Кога се поништува договор, пресудата има конститутивно дејство, а последиците од ништвноста и рушливоста, се исти, односно договорот се смета како воопшто да не настанал уште од неговото склучување;
-Тужба за поништување на договор е врзана со преклузивен рок кој е субјективен и објективен - член 109 од ЗОО. – Правото да се бара поништување на рушлив договор престанува со истекот на една година од дознавањето за причината за рушливоста, односно од престанувањето на принудата – став 1. Правото да се бара поништување на рушлив договор во секој случај престанува со истакот на рокот од три години од денот на склучувањето на договорот.

**Рушлив договор склучен од ограничено деловно способно лице**

Кое лице се смета за ограничено деловно способно. – Лице кое навршило 14 години до полнолетство е ограничено деловно способно лице, односно ограничено деловно способен малолетник, како и полнолетно лице на кое му е ограничена деловната способност.

Член 48 став 1 од ЗОО. – Ограничено деловно способен малолетник може без одобрение од својот законски застапник да ги склучува само оние договори чие склучување му е дозволено со закон. Став 2 од истиот член – полнолетното лице на кое со судска одлука му е ограничена деловната способност може без одобрение на законскиот застапник да ги склучува сите договори чие склучување не му е забрането со судската одлука. Став 3 – Другите договори на овие лица, ако се склучени без одобрение од законскиот застапник се рушливи, но можат да останат во сила со негово дополнително одобрение. Се разбира дека, договорот што го склучило лице кое е целосно лишено од деловна способност, не произведува правно дејство и не може да се конвалидира ниту со дополнително одоборување од старателот.

ПРАВНИ ДЕЛА – Договори КАЈ КОИ ПОСТОЈАТ МАНИ НА ВОЛЈА

Мани на волја се закана, заблуда и измама.

Закана - Член 52 од Законот за облигационите односи – Ако договорната страна или некој трет со недозволена закана предизвикал оправдан страв кај другата страна така што оваа поради тоа склучила договор, другата страна може да бара да се поништи договорот – став 1. Стравот се смета за оправдан ако од околностите се гледа дека со сериозна опасност е загрозен животот, телото или друго значајно добро на договорната страна или на трето лице – став 2.

*Законот за облигационите односи, покрај заканата, заблудата и измамата, во рамките на мани на волја го вбројува и недоразбирањето кое постои кога меѓу страните нема согласност за природата на правното дело, основот или предметот на обврската. Недоразбирањето како мана на волја не е причина за рушливост на правното дело, туку е причина за неговото непостоење. Член 55 од ЗОО – Кога страните веруваат дека се согласни, а всушност меѓу нив постои недоразбирање за природата на договорот, или за основот или за предметот на обврската, договорот не настанува.*

**Заблуда. – Член 53 од Законот за облигационите односи.**

Што е заблуда? Заблуда е погрешна претстава за правно релевантните факти поврзани со склучувањето на правното дело.

Изјавената волја за склучување на правното дело дадена во заблуда има недостаток затоа што таа изјава се заснова на погрешна претстава за фактите и околностите кои се од значење за склучување на правното дело.

Специфичност на заблуда. – Специфичноста на заблудата е постоењето на неусогласеност помеѓу вистинската и изјавената волја за која субјектот на правото не е свесен во моментот кога таа изјава ја дава.

Последиците од постоење на заб луда се идентични без оглед дали таа е на страната на лицето кое ја дава изјавата или пак е на страната на лицето преку кое е дадена изјавата. – Член 56 од ЗОО (посредна изјава).

Заблудата може да доведе до поништување на правното дело, но ако таа е суштествена.

**Кога заблудата е суштествена?** – За суштествена се смета онаа ја заблуда која се однесува на суштествените својства на предметот на договорот, лицето со кое се склучува правното дело и други околности кои според обичаите во прометот или намерата на страните се сметаат за решавачки за склучување на правното дело.

Суштествена заблуда за предметот на договорот се смета на пример заблудата за својствата што ги има стварта кај договорот за продажба, кога купувачот смета дека купува на пример златен накит, а во суштина се работи за позлатена легура. Или пак купувачот смета дека купува сет кристални чаши, а во суштина се работи за обично стакло.

Суштествена заблуда во личноста постои кај правните дела кои се склучуваат со оглед на личните својства на другата договорна страна, како што може да биде случај кај договорот за налог, договорот за дар, договорот за дело, договорот за послуга и слично.

Суштесвена заблуда кај други околности кои според обичаите во прометот или намерата на страните се сметаат за решавачки за склучување на правното дело, може да се третира како заблуда во поглед на секој факт кој во дадени околности се наметнува како решавачки за склучување на правното дело. Ова е генерална одредба во овој дел кај суштествената заблуда, овде законодавецот таксативно не ги набројал сите случаи на суштествена заблуда во поглед на склучувањето на правното дело, меѓутоа на ист начин суштествената заблуда е определена и во Законот за облигационите односи на Р Србија, на Р Црна Гора и на Р Хрватска. Во секој случај откако ќе се исклучат суштествените заблуди во поглед на предметот на договорот и во поглед на лицето со кое се склучува правното дело, тогаш ќе се расчистуваат факти во врска со суштествена заблуда преку други околности кои според обичаите во прометот или намерата на страните се сметаат за решавачки за склучување на правното дело.

**ИЗМАМА.** – Свесно предизвикување или држење во заблуда на лицето кое ја дава изјавата на волја со цел да се склучи правното дело.

-Измамата е уредена во член 57 од ЗОО – Ако едната страна предизвика заблуда кај другата сгтрана или ја одржува во заблуда со намера со тоа да ја наведе на склучување на договор, другата страна може да бара поништување на договорот и тогаш кога заблудата не е суштествена – став 1. Страната која склучила договор под измама има право да бара надомест на претрпената штета – став 2. Ако измамата ја сторило трето лице, измамата влијае врз самиот договорв ако другата договорна страна во време на склучувањето на договорот знаела или морала да знае за измамата – став 3. Договор без надомест може да се поништи и кога измамата ја сторило трето лице, без оглед дали другата договорна страна во време на склучувањето на договорот знаела или морала да знае за измамата – став 4.

Суштина на измамата: да постои дејство со кое е предизвикува или се одржува во заблуда лицето кое дава изјава за склучување на правното дело и измамата да го наведе лицето кон склучување на правното дело.

Измама може да постои и кај двостраните договори и кај едностраните правни дела. – Законот за наследување пропишува дека тестаментот е ништовен ако завештателот бил измамен да состави тестамент.

-Според Законот за наследување може да се бара поништување на наследничка изјава и во случаите кога таа е дадена поради измама. (Член 63 и член 133 став 2 од законот за наследување).

СУДСКА ПРАКСА – пресуди.
Рев. бр. 264/2005 – ограничена деловна способност; рушливост, не ништовност и преклузивен рок.
Рев. бр. 1804/98 од 19.04.2001 – поништување судско порамнување од брачен другар.
Рев. бр. 1055/97 од 03.03.1999 – рушливост може да бараат само договорни странки.
Рев. бр. 492/2004 од 29.06.2005 – рушливост на спогодба за експропријација.
П1 бр. 460/17 од 20.04.2018 – одбиено тужбено барање со кое се бара да се поништат наследнички изјави

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО!